British Embassy Skopje

UKaid from the British people

WFD

# КЛУЧНИ НАОДИ ОД АНАЛИЗА НА ИЗДВОЕНИ СРЕДСТВА ЗА ЗАКОНОТ ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ 2022 г.



## За финансирањето на младинското учество и младинските политики

Со цел да обезбеди информации за издвојувањето на буџетски средства за младинските политики и спроведувањето на Законот за младинско учество и младински политики, Фондацијата за демократија (ВФД) го поддржа спроведувањето на истражување за оваа тема, изработено од Катерина Шапкова Коцевска и Ксенија Поповиќ Коцевски во периодот март – јули 2023.

Истражувањето е спроведено преку деск анализа, прашалник, барања за информации од јавен карактер и интервјуа. На барањата за пристап до информации од јавен карактер поднесени до единиците на локална самоуправа, одговориле 56 иматели. Анализата е изработена во рамки на проектот „Практикувај демократија“ финансиран од Британската Амбасада во Скопје а имплементиран од ВФД.

Во овој кус документ може да се најдат клучните наоди и препораки од анализата.

→ Законот за младинско учество и младински политики е донесен во 2020-та, со цел поддршка на политики за млади и учеството на младите. Законот предвидува на годишно ниво да се издвојуваат најмалку 0,3% од буџетот на Република Северна Македонија за спроведување на законот, односно 0,1% од буџетите на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје.

## Клучни наоди

- Во 2022 година биле реализирани **200 трансакции** кои означуваат исплата на средства кон формите на младинско организирање во вкупен износ од **46,4 милиони денари.**
- Од страна на буџетските корисници на централно ниво е извршена исплата на повеќе од **37,3 милиони денари** кон формите на младинско организирање (ФМО). Од нив, **7,3 мил. денари** (19,5%) се исплатени на младинските организации, **25,3 мил. денари** (67,8%) на организациите за млади и **4,7 мил. денари** (12,7%) на младинските чадор организации. Вкупниот износ на исплатени средства кон ФМО изнесува **0,013% од вкупните планирани расходи на буџетот на РСМ во 2022 година.**
- Вкупниот буџет на Агенцијата за млади и спорт (АМС), која е примарен орган кој треба да се грижи за младите во земјата, **изнесува 0,2% од вкупните расходи на Буџетот на Република Северна Македонија.** Најголемиот дел од расходите на АМС се однесуваат на програмата Спорт (80% од вкупните расходи). Расходите на **програмата Млади** се значително пониски и се движат во распон од 4% до 5% од вкупните расходи на АМС во периодот од 2020 до 2022 година. Споредено со Буџетот на РСМ, **расходите на АМС поврзани со програмата млади изнесуваат 0,008% од вкупните расходи на Буџетот.**
- Само 15 општини и Градот Скопје реализирале трансакција кон одредена форма на младинско организирање. Вкупниот износ на исплатени средства изнесува **8,9 милиони денари.** Од нив, **1,3 мил. денари** се исплатени кон младинските организации, **6,4 мил. денари** кон организациите за млади и **1,2 мил. денари** кон младинските чадор организации.
- Единствено општината Охрид исплатила средства кон формите на младинско организирање во износ повисок од 0,1% од реализираните расходи на буџетот на општината во 2022 година. Споредено со реализираните расходи на основниот буџет на општината, вкупно седум општини исплатиле средства кон формите на младинско организирање во износ повисок од 0,1% од реализираните расходи **(Битола, Велес, Гостивар, Кавадарци, Куманово, Охрид и Чаир).**
- Само шест општини во земјата формирале локален младински совет (ЛМС) и притоа издвоиле и реализирале средства за негова административна, финансиска и логистичка поддршка. Четири општини издвоиле средства за ЛМС во 2022 година, но не биле реализирани, од причина што советот не се формирал.
- За активностите предвидени во локалните младински стратегии и акциските планови се издвоени средства во вкупно пет општини (податокот се однесува на 2022 и 2023 година).
- **Само пет општини обезбедиле административна и логистичка поддршка за канцеларијата за млади** во 2022 година, а уште две најавиле поддршка за канцеларијата во 2023 година.
- **Младински центри постојат во 8 општини во земјата**, од кои само четири дадоа одговор за обликот и обемот на обезбедената административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на Младинскиот центар. Така, општината Велес предвидела и обезбедила вкупно 200.000 денари за поддршка на активностите на Младински центар Велес (0,07% од реализираните расходи на основниот буџет на општината). Општината Кавадарци издвоила 600.000 денари за работата на Младинскиот центар во 2022 година (0,12% од реализираните расходи на основниот буџет на општината). Од буџетот на општина Куманово за 2022 година се предвидени и исплатени 600.000 денари за Младинскиот центар (0,10% од реализираните расходи на основниот буџет на општината). Општината Струмица за формирање на Младинскиот центар и реконструкција и адаптација на просторот обезбедила 4 мил. денари во 2022 година (0,78 % од реализираните расходи на основниот буџет на општината).

## Главни заклучоци

Законот за младинско учество и младински политики содржи прилично општи одредби и формулации кои се однесуваат на финансирањето. Односно, **не е јасно што се подразбира под „средства кои се издвојуваат за спроведување на законот“ и „средства за млади“** во одредбите за финансирањето.

Како последица, се создаваат нејаснотии и конфузија при определувањето на расходите и можност за арбитрарност при толкувањето на законот од страна на засегнатите страни.

Законот не содржи одредби со кои се уредува надзорот и контролата врз неговото спроведување, што доведува до големо доцнење при имплементацијата и неизедначена примена од страна на надлежните субјекти.

Законот не содржи одредби со кои ќе се уредат механизмите за следење и контрола на финансирањето на национално и локално ниво, преку кои би се обезбедило правилно планирање на буџетските средства, ефикасна алокација на јавните ресурси и финансиско одговорно однесување на буџетските корисници.

Беа детектирани **суштински разлики во финансирањето на централно ниво и финансирањето на локално ниво.** На централно ниво, финансирањето е претежно насочено кон активности поврзани со спроведување на законот, односно финансирање на Агенцијата за млади и спорт, но и другите тела и активности кои произлегуваат од законот, како и креирањето и спроведувањето на младинските политики. На локално ниво, финансирањето е насочено кон поддршка на телата и сервисите за млади, и поретко поддршка на организации кои обработуваат теми од младинска проблематика преку доделување средства на отворени повици.



# Препораки

- Младите, младинските политики и младинското учество да се третираат како суштински приоритет и прашање од стратешки интерес за развојот на земјата.
- Да се допрецизираат одредбите со кои се уредува финансирањето (член 25) во Законот за младинско учество и младински политики..
- Да се испитаат можностите за раздвојување на одредбите кои се однесуваат на финансирање на централно ниво (од Буџетот на РСМ), наспроти финансирање на локално ниво (од буџетите на општините, општините на Градот Скопје и Градот Скопје).
- Да се креираат механизми за контрола и следење на реализацијата на средствата наменети за млади и младински политики.
- Да се размисли и да се испитаат можностите за програмско буџетирање на младите, младинските политики и младинското учество, преку програми и потпрограми.
- Да се дополни законот со одредби за надзор и контрола.
- Да се обезбеди зајакнување на капацитетите на АМС, посебно на Секторот млади.
- Транспарентно и предвидливо да се издвојуваат средства на годишна основа од страна на релевантните институции, преку користење на отворените повици за поддршка за форми на младинско организирање.
- Поскоро да се формира националното собрание за млади и национално советодавно тело за младински политики.
- Поскоро да се донесе Националната стратегија за млади (2023-2027) и Акцискиот план.
- Да се формира истражувачкиот центар при секторот Млади во Агенцијата за млади и спорт и да се обезбедат ресурси за негово функционирање.
- Да се земат предвид спецификите на општините при утврдување на моделот на финансирање на локално ниво, пред сè, демографската структура на населението и финансиските можности на општините и големината на општинскиот буџет.
- Да се разгледа можноста за „регионализација“ на сервисите за млади.
- Да се поттикне интересот за упис во Регистарот на форми на младинско организирање, преку пронаоѓање на механизми за поврзување со уписот во регистарот со конкретен бенефит за формите на младински организации и преку негова промоција.
- Дигитализација на процесот за упис во Регистарот на форми на младинско организирање.
- Службеникот за млади да се систематизира како посебно работно место во општините, со цел да се обезбеди поквалитетен сервис за млади и да се испитаат можностите за систематизација на службеникот за млади и во органите на државната управа и останати институции.
- Потребно е да се зајакне комуникацијата и координацијата меѓу сите засегнати страни поврзани со младите и спроведувањето на законот.
- Откако законот ќе биде целосно применет, корисно би било да се евалуира адекватноста на минималниот износ на средства кој е предвиден да се издвојува од буџетот на РСМ, односно буџетите на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје на годишно ниво.

*Овој производ е подготвен во рамки на проектот „Практикувај демократија“ спроведуван од Фондацијата за демократија на Вестминстер, финансиран од Владата на Обединетото Кралство, со поддршка на Британската Амбасада во Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.*